

ПЕТАР ЛУБАРДА: Каменен бик

*ИЗЛОЖБИ*

# ПЕТАР ЛУБАРДА

Димензијата на хуманите и благородни двигатели на постапката на Петар Лубарда, чии 26 слики продадени на Скопје неодамна ги видовме изложени во салонот на Работничкиот дом — Универзитет, е согледлива пред сé, како вонредно впечатлив пример за следење во односот спрема разурнатиот град: кои и во најтрагичните мигови на својата историја не го згасна пламенот на творештвото и љубовта кон него.

Го дочекуваме овој дел на обемниот опус на Лубарда во Скопје означен со сé она што е откривање на физиономијата на зрелиот период на уметниковото творештво. Тој е плод на еден постојанен, упорен и драматичен процес на еволуцијата на неговите творечките цели, занеси и ликовната постапка. Она што денеска го гледаме е една транспозиција на исходното, во степенот различно третирано и обликувано фигуративно сликарство. Сето во една внатрешна напнатост, конвулзија, робустност и драматика, тоа сликарство значеше откривање на земјата во која уметникот е роден, нејзиниот каменлив лик, планините, луѓето, животните сите сраснати со неа. И како обединети со една заедничка драма.

Оваа епичност, овој немир, сега е вткаен во една рафинирана, култивирана и мошне облагородена фактура на сликите на Лубарда, како едно надворешно откривање на творечката сила и мајсторството на уметникот, што сега се упатило со инакви естетски истражувања. Во овој период на своето сликарско постоење Лубарда несомнено нешто жртвува — нешто што е дел од неговата личност, иаку здивот на животот не е згаснат во неговите творби. Во своите сегашни платна, што го укинуваат или сосема малку го внесуваат асоцијативниот момент, окупиран со пластични вредности на фактурата, Лубарда се ориентира кон стивнување на внатрешните бури на неговата личност, кон смирување на елементарното и драматичното што бликаше во поранешните негови дела.

Таа здржана стихија е изразена во градењето на сликите во една амбивалентна по функцијата композиција, во фините колористични вредности и градации на фактурата.

Колористичката гама на Лубарда во сликите подарени на Скопје е богата, широка во тонските вредности и во нивниот интензитет. Во ова сликарство чести се алтернациите на звучни, топли, заситени колористички односи, со деликатно и минуциозно ткаење на варијации во сино, сиво, светло-зелено, жолто...

Во овие платна најизменично се сменуваат спомени за Индија, искажани во сплет на црно — црвени плохи и арабески, сеќавања за Венеција, продираат елементи на фантастиката, што се сменуваат со обликување на други сфери на богатиот внатрешен живот на уметникот.

Придонесот на Лубарда со вкупноста на своите вредности значи еден посебен придонес во напорите за основање на Музејот на современата уметност во Скопје, во чие градење се влева поддршката и разбирањето на уметниците од сите краишта на современиот свет.

**Борис Петковски**